ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА

# МАКФУДБАЛ

## СТРУЧНО - ИНФОРМАТИВЕН ЛИСТ НА ФФМ

БРОЈ 10 ДАТА 14.03.2018 ГОДИНА 36

ФУДБАЛОТ НА ПРВО МЕСТО
ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

# МАКФУДБАЛ

БРОЈ 10 ДАТА 14.03.2018 г.

## СОДРЖИНА

- ПРИСТИГНАТИ БАРАЊА ОД ОПШТИНСКИТЕ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗИ
- ОДЛУКИ ОД КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ НА ФФМ
- ОДЛУКИ ОД КОМИСИЈАТА ЗА НАТПРЕВАРИ НА ФФМ
- ОДЛУКИ ОД КОМИСИЈАТА ЗА МАЛ ФУДБАЛ НА ФФМ
- ОДЛУКИ ОД ДИСЦИПЛИНСКАТА КОМИСИЈА НА ФФМ

**ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ КУМАНОВО**
**Дополнување на документација од**
**Седница од 15.01.2018 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

КМФ „ИЛИРЕТ„ Куманово: Трендафиловски Стефан и Златковски Христијан од КМФ „БСК„ од Бујановац од Република Србија, по член 35/11.

**Седнина од 13.03.2018 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „КУМАНОВА МИЛАНО 2010„ Куманово: Бислими Фљори, по член 35/1.

ФК „ГОБЛЕН ЈУНИОР„ Куманово: Мустафи Бесим од ФК „Милано„ од Куманово, по член 36/1.

ФК „МИЛАНО„ Куманово: Исуфи Ердуан од ФК „Гоблен Јуниор„ од Куманово, по член 36/1.

ФК „ПОБЕДА„ с. Тромеѓа: Јовановски Александар од ФК „Куманово Еуроспорт-Вардар„ од Куманово, по член 35/2.

**ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ СТРУГА**
**Дополнување на документација од**
**11.02.2018 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „ЛАБУНИШТА 2011„ с. Лабуништа: Спиркоски Бојан од ФК „Брозани„ од Република Чешка, по член 35/11.

**Седница од 12.03.2018 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „КАРАОРМАН„ Струга: Ложанкоски Јордан, Ложанкоски Леон и Мена Един, по член 35/1.

- **Поништување на исписница и брисовница:**

Се поништува исписницата издадена од Фудбалскиот клуб „Кораби„ од Дебар од 14.09.2016 година за фудбалерот Амбари Трим со Ид бр. 118671 како и брисовницата издадена од ОФС Струга број 03-164 од 14.09.2016 година за истиот фудбалер поради истек на важноста на истите и фудбалерот си останува член на Фудбалскиот клуб „Кораби„ од Дебар.

**ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ВЕЛЕС**
**Седница од 12.03.2018 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „МАРТОЛЦИ 2007„ с. Мартолци: Николовски Марјан, по член 35/1.
Штерјев Дејан и Стојчевски Илија од Фудбалскиот клуб „Тополка„ од Велес, по член 36/1.

ФК „ТОПОЛКА„ Велес: Станковски Ристо од ФК „Превалец„ н. Превалец, по чл. 36/1.
Давчевски Христијан од ФК „Академија Нацев„ од Велес, по чл. 36/1.

ЖФК „БОРЕЦ“ Велес: Диковска Ивана, по член 35/1.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ КОЧАНИ

**Седница од 12.03.2018 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „РУСИНОВО„ с. Русиново: Мајсторски Г. Мартин, по член 35/1.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ТЕТОВО

**Седница од 12.03.2018 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „РУФЕЈА 93„ с. Милетино: Бајрами Е. Хамза, Аземи И. Азем, Реџепи Н. Тарик од ФК „Беса„ од с. Челопоек, по член 36/1.
Ѓорѓиески Д. Теодор и Стаматовски Д. Влатко, по член 35/1.

ЖФК „ЉУБОТЕН„ Тетово: Корунска Г. Ивана од ЖФК „Шарпланинка 2013„ од с. Ратае, по член 35/2.

ФК „РЕНОВА АД„с.Џепчиште:Имери С.Зеќир од ФК „Велазерими„с. Слатино, чл.36/1

ФК „БЕСА„ с.Челопек: Ганиjи Л.Кујтим, Емини М. Арѓенд, Салиу Т. Нусрет, чл. 35/1

**Дополнување на седница од 12.03.2018 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „РЕЧИЦА„ с. Речица: Касами Џеват Ард од ФК „Шкендија АД„ Тетово,по чл. 36/1.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ШТИП

**Седница од 13.03.2018 година**

- **Регистрација на фудбалски клуб:**

Се регистрира фудбалски клуб „Форца Мирко„ од Штип, согласно Решението на Централниот регистер на Република Македонија, со ЕМБС 7265263 од 28. Февруари 2018 година.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ СТРУМИЦА

**Седница од 13.03.2018 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ЖФК „ТИВЕРИЈА„ Струмица: Димкина Ж. Зорица, по член 35/1.
Димитрова И. Љупка од ЖФК „Тиверија„ од Струмица, по чл. 35/2.

ФК „НАПРЕДОК ЗДРАВЈЕ РАДОВО„ с. Радово: Трајков К. Трајчо од ФК „Хоризонт Турново АД„ од с. Турново, по член 35/4.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ СВЕТИ НИКОЛЕ

**Седница од 09.03.2018 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

КМФ „ОВЧЕ ПОЛЕ 2013„ Свети Николе: Стојанов Кристијан по член 35/1.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ РЕСЕН

**Седница од 13.03.2018 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „ПРЕСПА„ Ресен: Рамповски Е. Ерсан од ФК „Јилдиримспор„ од Ресен, по чл. 35/2.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ СКОПЈЕ

**Седница од 12.03.2018 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „МОНДАНО КИДС„ Скопје: Лука Н. Макриевски, Блажевски З. Филип, по чл. 35/1.
ФК „АЛБИОН„ Скопје: Гоца Љ. Љиринд од ФК „Скупи Промофоот„ Скопје, Назим А. Зејд од ФК „Фенербахче Тефејуз„ од Скопје, по член 36/1.
ФК „ЊУ СТАРС„ Скопје: Ѓорговски Ј. Симон и Димиќ Д. Стефан, по член 35/1.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ БИТОЛА

**Седница од 13.03.2018 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „ЦРНО БУКИ ЗЛ„с.Црно Буки: Јосифов П.Георгиј од ФК „Талент 2010„ Битола,чл, 35/2
ФК „ОЛД БОЈС„ Битола: Илијовски Д. Љупчо од ФК „Крстоар„ с. Крстоар, по чл. 35/4.
ФК „СВЕТЛОСТ„ с.Кукуречани: Ѓорѓиовски Г.Никола од ФК „Новаци 2005„ Новаци,чл. 35/2.

- **Регистрации кои не се објавуваат:**

Не се објавуваат регистрациите на фудбалерите Бошковски Д. Даниел од ФК „Баир Кркардаш„ од Битола за ФК „Црно Буки ЗЛ„ од с. Црно Буки, по член 35/4, Ѓорѓиевски П. Кристијан од ФК „Могила Бимилк„ од с. Могила за ФК „Стрела Спорт„ од с. Могила по член 35/4, поради применување на погрешен член.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ГОСТИВАР

**Седница од 12.03.2018 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „КФГ ГОСТИВАР АД„Гостивар: Демири А.Кренар, Синани Х.Мухамед, Сулејмани Д. Адриатик, по член 35/1.
ФК „ВРАПЧИШТЕ„ с. Врапчиште: Сулејмани И. Ардиан од ФК „Скопје АД„ Скопје,чл. 35/2.
ФК „ПЕНАЛ ЕДЕН„Гостивар:Трпески В.Милан, Сулејмани А.Алби, Трпески Д.Александар, Столески Ј. Дарио, Дамњаноски Г. Рубен, Џафери Д. Адмир, Незири М. Гафур, Мацани Џ. Јасир, Сиљановски М. Давид, по член 35/1.
Андоновски Н.Дарко, Симуноски Димитар од ФК „Младост„ Гостивар, чл. 35/4.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ „КИСЕЛА ВОДА„ СКОПЈЕ

**Седница одржана на ден 13.03.2018 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „КУЛ ЗДРАВЈЕ„ Скопје:Арнаудов М.Вердан од ФК„Работнички АД„Скопје,чл.36/1
Стојановски А. Лука, по член 35/1.

**Дополнување на седница од 13.03.2018 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „ССК НОВА„ Скопје: Марковски Б. Гоце од ФК „Петровец„ с.Петровец, по чл. 35/2.

- **Бришење од регистер:**

Се бришат од евиденција на регистрирани фудбалери при ОФС „Кисела Вода„ Скопје, фудбалерите: Един Скендеровиќ,Димче Зафировски од ФК „Еуромиклк ГЛ АД„ Скопје, Имеровски Алан од ФК „Ново Лисиче„ Н. Лисиче, Христијан Грујоски од ФК „Винер Спорт„ Скопје, Михаел Соколовски од ФК „Драчево Јуниор„ с. Драчево, Ивица Неделковски од ФК „Кул Здравје, поради преминување со регистрација на територија на друг ОФС.

**ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ „ГАЗИ БАБА„ СКОПЈЕ**
**Седница одржана на ден 13.03.2018 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „РАБОТНИЧКИ АД„ Скопје: Стојановски З. Кристијан и Стефановиќ М. Виктор, по член 35/1.
Амбари Ф. Трим од ФК „Кораби„ од Дебар, по член 36/1.
ФК „КАДИНО„ с. Кадино: Петковски В. Орце од ФК „Илинден„ н. Илинден, чл. 35/2.
ФК „ГРОЗДАНОСКИ ИЛИНДЕН„ Скопје: Ѓорѓиевски З. Андреј, Димковски С. Давид, Атанасовски И. Петар, по член 35/1.
Арсовски Љ. Наум, Атанасовски И. Давид, Веселиновски Ј. Христијан, Кировски И. Давид од ФК „Виктори 2017„ од Скопје, по чл. 36/1.
ФК „МАЏАРИ СОЛИДАРНОСТ 92„ Скопје: Ристов М. Димитар од ФК „Јурулмери„ од с. Јурумлери, по член 35/2.
Лазаревски К. Дејан, по член 35/1.
ФК „СМИЉКОВЦИ 2011„ с. Смиљковци: Атанасков З. Ѓорѓија,Мицевски М. Наумче, Јанакиевски З. Давид, Божиновски Т. Стефан, Трпковски Ѓ. Ѓорѓи од ФК „Љубанци 1974„ од с. Љубанци, по член 35/4.
ФК „БРАТСТВО ВЛАЗНИМИ„ Скопје: Зотевски К. Гораст од ГФК „Тиквеш 1930„ од Кавадарци, по член 35/2.
КМФ „ЖЕЛЕЗАРЕЦ„ Скопје: Стојковски И. Виктор од КМФ „Велес„ Велес, чл. 36/1.

- **Бришење од регистер:**

Се бриши од евиденција на регистрирани фудбалери при ОФС „Гази Баба„ од Скопје фудбалерот Марковкси Б. Гоце од ФК „Петровец„ од с. Петровец, поради преминување со регистрација на територија на друг ОФС.

**ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ПРИЛЕП**
**Седница од 13.03.2018 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „ПОБЕДА АД„ Прилеп: Дукоски И. Златко од Фудбалскиот клуб „Фојник Брест„ од с. Брест, по член 35/2.

- **Регистрации кои не се објавуваат:**

Не се објавува регистрацијата на фудбалерот Цветаноски Р.Трајче по член 35/1 за фудбалскиот клуб „Пелагонија„ од с. Пашинорувци, бидејќи на документот за идентификација – личната карта е истечена важноста.

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ Бр. 10-599/2 09.03.2018 год

Комисија за жалби на ФФМ

Комисијата за жалби на Фудбалската федерација на Македонија во состав: Дејан Николоски – претседавач, Димитар Трајчевски - зам.претседавач, Симона Костадинова - член, Сандра Михајловски – член, Сабри Алими - член постапувајќи по жалбата на ФК Вардар АД од Скопје пр.бр. 10-599/1 од 05.03.2018 година против одлуката на Комисијата за натпревари на ФФМ бр. 15-585/2 од 02.03.2018 година, врз основа на член 143, 144 с.2 од Статутот на ФФМ и член 122 од Правилникот за натпревари на ФФМ, на седницата одржана на ден 08.03.2018 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА

1. Жалбата бр. 10-599/1 од 05.03.2018 година поднесена од ФК Вардар АД од Скопје се одбива како неоснована.

2. Се потврдува одлуката на Комисијата за натпревари на ФФМ бр. 15-585/2 од 02.03.2018 година со која натпреварот ФК Шкендија АД – ФК Академија Пандев АД, одигран на ден 25.02.2018 год. во Тетово, во рамките на 21-то коло на Прва МФЛ во натпреварувачката 2017/18 година, се регистрира со постигнатиот резултат 1:0 во корист на ФК Шкендија АД.

3. Одлуката е конечна.

4. Одлуката да се објави во службениот лист на ФФМ – Макфудбал.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

ФК Вардар АД од Скопје, незадоволен од одлуката на Комисијата за натпревари на ФФМ бр. 15-585/2 од 02.03.2018 година, поднесе жалба до Комисијата за жалби на ФФМ.

Комисијата констатира дека подносителот со жалбата уредно доставил доказ за платена такса.

Комисијата утврди дека со нападнатата одлука на Комисијата за натпревари на ФФМ, одбиена е жалбата на подносителот како заинтересирана страна, за регистрирање со службен резултат на натпреварот ФК Шкендија АД – ФК Академија Пандев АД, одигран на ден 25.02.2018 год. во Тетово, во рамките на 21-то коло на Прва МФЛ во тековната сезона. Натпреварот е регистриран со постигнат резултат 1:0 во корист на ФК Шкендија АД.

Подносителот во жалбените наводи се повикува на повреда на одредбите од член 20 став 3 од Пропозициите за натпреварување на Прва МФЛ и повреда на одредбите од член 100 од Правилникот за натпреварување. Жалителот наведува дека фудбалерот со бр. 22 на ФК Шкендија АД Фазлагиќ Енис во 21 минута од натпреварот одигран во рамките на 21-то коло на Прва МФЛ во тековната сезона помеѓу екипите на ФК Шкендија АД и ФК Академија Пандев АД, добил црвен картон. Жалителот понатаму наведува дека по добивање на црвениот картон, екипата на ФК Шкендија АД останала без играч кој нема навршено 21 година. Во 36 минута од натпреварот, 15 минути по доделувањето на црвениот картон, направена е измена, за екипата на ФК

Шкендија АД влегол играчот со бр. 11 Ш. Шефити кој немал навршено 21 година, на местото на играчот со бр. 33, М. Адили кој е заменет и кој излегол од игра.

Жалителот се повикува на тоа дека првостепениот орган не утврдил правилно кога навел дека излегувањето од игра на младиот фудбалер кој нема навршено 21 година поради добиен црвен картон не значи прекршување на правилото од член 20 од Пропозициите за натпреварување на Прва МФЛ како и дека поради тоа не можат да се превземат санкции предвидени во член 100 став 1 точка 10 од Правилникот за натпреварување. Жалителот смета дека се прекршени одредбите на член 20 од Пропозициите за натпреварување на Прва МФЛ и бара одлуката на првостепениот орган да се поништи и против клубот да се поведе дисциплинска постапка .

Комисијата во постапка ги зема во предвид материјалните докази доставени од стана на жалителот и докази достапни на Комисијата од постапката водена пред првостепениот орган и и тоа:
- записникот од натпреварот ФК Шкендија АД – ФК Академија Пандев АД, одигран на ден 25.02.2018 год. во Тетово
- дополнителен делегатски извештај
- изјава од главниот судија
- изјава на исклучениот фубалер
- изјавената жалба од ФК Вардар АД пред првостепениот орган
- изјавената жалба од ФК Академија Пандев АД пред првостепениот орган
- извадок од Правилникот за натпреварување (член 100)
- извадок од Пропозициите за натпреварување на Прва МФЛ за натпреварувачката 2017/18 година (член 20)
- Одлука на првостепениот орган 15-585/2 од 02.03.2018 година
- доказ за уплата на такса

По разгледување на жалбените наводи и материјалните докази, Комисијата утврди дека првостепениот орган правилно ја утврдил фактичката состојба наведена во образложението на одлуката бр. 15-585/2 од 02.03.2018 година , како и дека подносителот на жалбата, во жалбените наводи не се повикува на погрешно утврдена фактичка состојба.

Во врска со жалбениот навод дека првостепениот орган не утврдил правилно кога навел дека излегувањето од игра на младиот фудбалер кој нема навршено 21 година поради добиен црвен картон не значи прекршување на правилото од член 20 од Пропозициите за натпреварување на Прва МФЛ како и дека поради тоа не можат да се превземат санкции предвидени во член 100 став 1 точка 10 од Правилникот за натпреварување, Комисијата го утврди следното:

Во член 20 став 3 од Пропозициите за натпреварување на Прва МФЛ за натпреварувачката 2017/18 година предвидено е дека „Сите клубови учесници во Првата лига првото полувреме мора да го започнат и завршат натпреварот со 1 (еден) домашен фудбалер кој нема навршено 21 година.„

Во член 100 став 1 точка 10 од Правилникот за натпреварување предвидено е „На основ на поднесена жалба на натпревар, натпреварот ќе се

регистрира со службен резултат 3 :0 во корист на екипата која се жалела доколку за време на натпреварот не постигнат поповолен резултат, доколку противничката екипа започнала/играла натпревар со помалку млади фудбалери од пропишаните во Пропозициите за соодветнотото натпреварување" ,

Комисијата земајќи ги во предвид жалбените наводи и примената на одредбите од член 20 став 3 од Пропозициите за натпреварување на Прва МФЛ и одредбите од член 100 став 1 точка 10 од Правилникот за натпреварување, заклучи дека првостепениот орган правилно проценил кога утврдил дека одлуката на главниот судија за исклучувањето на фудбалерот од игра има суспензивно дејство и не влијае на исполнувањето на обврската на клубот да го започне и заврши првото полувреме со млад фудбалер кој нема наполнето 21 година. Продолжувањето на играта без фудбалер кој нема наполнето 21 година не било избор кој го имал и го направил клубот домаќин туку одлука на службено лице на натпреварот која стапува на сила веднаш и над која клубот нема никакво влијание во нејзиното извршување.

Комисијата смета дека првостепениот орган правилно одлучил кога утврдил дека одредбите од член 100 став 1 точка 10 од Правилникот за натпреварување не се применливи, во случај кога поради исклучување клубот останува без млад фудбалер кој нема наполнето 21 година. Младиот фудбалер до 21 година, кој клубот го избрал да го започне и игра натпреварот, натпреварот го започнал но не можел да го продолжи поради одлуката на службеното лице.

Со чинот на избор на млад фудбалер кој влегол во игра на почетокот на првото полувреме , клубот влегол во исполнување на обврската од цитираната одредба на Пропозициите. Обврската завршила во моментот кога не по волја на клубот домаќин, донесена е одлука од страна на службено лице на натпреварот над која клубот немал и не можел да има никакво влијание во нејзиното извршување.

Врз основа на погоренаведеното Комисијата едногласно донесе одлука како во диспозитивот.

доставено до:
- подносителот
- макфудбал
- архива на ФФМ

Комисија за жалби на ФФМ
Претседавач,
Дејан Николоски

деловоден број 10-599/2 од 08.03.2018 г

Комисија за жалби на ФФМ

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ Бр. 10 - 608/3 09.03.2018 год.

Комисијата за жалби на Фудбалската федерација на Македонија во состав: Дејан Николоски - претседавач, Димитар Трајчевски - зам.претседавач, Симона Костадинова - член, Сандра Михајловски – член, Сабри Алими - член постапувајќи по жалбата поднесена од Божиновски Даниел, фудбалер на ФК Работнички АД Скопје, пр.бр. 10-608/1 од 06.03.2018 година против одлуката на Дисциплинската комисија на ФФМ бр. 0801-547/2 од 01.03.2018 година, врз основа на член 145 став 1 алинеа 2 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ, на седницата одржана на ден 08.03.2018 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА

1. Делумно се усвојува жалбата бр. 10-608/1 од 06.03.2018 година поднесена од Божиновски Даниел ИД бр. 101022, фудбалер на ФК Работнички АД Скопје.
2. Одлуката на Дисциплинската комисија на ФФМ бр. 0801-547/2 од 01.03.2018 година со која на Божиновски Даниел ИД бр. 101022, фудбалер на ФК Работнички АД Скопје му е изречена дисциплинска мерка: забрана на настап на 2(два) првенствени/куп натпревари **се менува и гласи**: На Даниел Божиновски со ИД 101022 фудбалер на Ф.К.Работнички АД исклучен од натпреварот одигран во рамки на 21 коло Прва МФЛ одигран на ден 24.02.2018 година помеѓу екипите на Ф.К.Работнички АД-Ф.К.Вардар АД , поради неспортски однос –директен црвен картон СЕ ИЗРЕКУВА дисциплинска мерка **забрана на настап на 1(еден) првенствен/куп натпревар.**

   Дисциплинската мерка тече од 25.02.2018 година.

3. Одлуката е конечна.
4. Одлуката да се објави во Макфудбал.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Божиновски Даниел ИД бр. 101022, фудбалер на ФК Работнички АД Скопје, незадоволен од одлуката на Дисциплинската комисија на ФФМ бр. 0801-547/2 од 01.03.2018 година во предвидениот рок поднесе жалба до Комисијата за жалби на ФФМ.

Комисијата ги разгледа жалбените наводи и утврди дека подносителот, жалбата ја поднесува по одлука на Дисциплинската комисија на ФФМ со која му е изречена дисциплинска мерка: забрана на настап на 2(два) првенствени/куп натпревари.

Мерката е изречена поради неспортски однос –директен црвен картон добиен на натпреварот одигран на 24.02.2018 година помеѓу екипите на Ф.К.Работнички АД-Ф.К.Вардар АД во рамките на 21 коло на Прва МФЛ.

Комисијата констатира дека жалбата е благовремена и уредно таксирана за што се има произнесено и првостепениот орган со мислење бр.10-608/2 од 07. 03.2018 година.

Во жалбените наводи подносителот наведува дека изречената мерка е превисока за направениот прекршок кој е окарактеризиран како неспортско однесување, како и дека прекршокот не е сторен со намера.

Комисија за жалби на ФФМ

Во жалбените наводи фудбалерот наведува декаважи за коректен фудбалер кој ретко добива и жолти картони, се кае за сторениот прекршок и бара од Комисијата да ја намали изречената мерка.

Комисијата при одлучување ги зема во предвид материјалните докази достапни на комисијата од постапката водена пред првостепениот орган меѓу кои:

- записник од натпреварот помеѓу Ф.К.Работнички АД и Ф.К.Вардар АД, одигран на ден 24.02.2018 година година во Скопје;
- делегатски извештај;
- одлука за покренување на дисциплинска постапка;
- изјава од жалителот;
- одлука на Дисциплинска комисија бр. 0801-547/2 од 01.03.2018 година;
- мислење на Дисциплинската комисија на ФФМ бр. бр.10-608/2 од 07. 03.2018 година.

По разгледување на жалбените наводи и материјалните докази, Комисијата ја утврди следната фактичка состојба:

На ден 24.02.2018 година одигран е натпреварот во рамки 21 коло Прва МФЛ помеѓу екипите на Ф.К.Работнички АД-Ф.К.Вардар АД. Во 87 минута од натпреварот на играчот со број 1 Даниел Божиновски со ИД 101022 фудбалер на Ф.К.Работнички АД му е доделен директен црвен картон поради неспортско однесување изразено преку туркање и сопнување на противникот.

Комисијата констатира дека првостепениот орган правилно ја утврдил фактичката состојба и врз основа на член 35 од ДП на ФФМ ја изрекол дисциплинската мерка.

Комисијата при носење на одлуката ги имаше во предвид жалбените наводи и барањето на подносителот при изрекување на мерката да се земе во предвид и неговото досегашното поведение. Комисијата сметаше дека целта за превентивно и воспитно делување на мерката ќе биде исполнета и со изречена мерка како во диспозитивот , па врз основа на член 145 став 1 алинеа 2 во врска со член 35 од ДП на ФФМ Комисијата донесе одлука како во диспозитивот.

доставено до:
- подносителот
- макфудбал
- архива на ФФМ

Комисија за жалби на ФФМ
Претседател,
Дејан Николоски

деловоден број 10-608/3 од 08.03.2018

ФФМ

Комисија за жалби на ФФМ

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 10 - 641/1
09. 03. 2018 год.

Комисијата за жалби на Фудбалската федерација на Македонија во состав: Дејан Николоски - претседавач, Димитар Трајчевски - зам.претседавач, Симона Костадинова – член, Сандра Михајловски – член, Сабри Алими – член, постапувајќи по приговорот на Гелевски Николче во својство на претседател на ЖФК Атлетико од Битола против решението на Дисциплинската комисија на ФФМ бр. 08-249/1-2 од 01.02.2018 година, врз основа на член 145 а в.в со 141 став 8 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ, на седницата одржана на ден 08.03.2018 година ја донесе следната:

## О Д Л У К А

1. Се одбива приговорот поднесен од Гелевски Николче, претседател на ЖФК Атлетико од Битола против решението на Дисциплинската комисија на ФФМ бр. 08-249/1-2 од 01.02.2018 година.

2. Се одбива приговорот поднесен од ЖФК Атлетико од Битола преку Гелевски Николче, претседател на ЖФК Атлетико од Битола против решението на Дисциплинската комисија на ФФМ бр. 08-249/1-2 од 01.02.2018 година.

3. Се потврдува решението на Дисциплинската комисија на ФФМ бр. 08-249/1-2 од 01.02.2018 година со која жалбата изјавена од ЖФК Атлетико од Битола преку Гелевски Николче, претседател на ЖФК Атлетико од Битола, против одлуката на Дисциплинската комисија на ФФМ бр.08-3628/1-3 од 29.12.2017 година со која на ЖФК Атлетико од Битола му е изречена дисциплинска мерка – одземање на 9 бода од бодовното салдо од натпреварувачката 2017/18 година поради учество на раководството на клубот во нерегуларност- недозволено влијание на раководството на клубот на текот и исходот на натпреварот ЖФК Борец-ЖФК Атлетико одигран во рамките на 2 коло на Прва женска лига во натпреварувачката 2017/18 година и парична казна во висина од денарска противвредност на 1500,00(илјада и петстотини) евра СЕ ОДБИВА КАКО НЕБЛАГОВРЕМЕНА.
Уплатената такса во висина од 12.000,00(дванаесет илјади) денари да се врати на жиро сметка на жалителот .

3. Одлуката е конечна.

4. Одлуката да се објави во службениот лист на ФФМ „Макфудбал".

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Комисијата за жалби на седницата одржана на 08.03.2018 година постапуваше по приговорот изјавен од Гелевски Николче во својство на претседател на ЖФК Атлетико од Битола. Комисијата пред разгледување

на спсисите од предметот утврди дека до Комисијата се пристигнати два приговора на исто решение. Едниот приговор е поднесен и потпишан о од Гелевски Николче во својство на претседател на ЖФК Атлетико од Битола , другиот е поднесен од Гелевски Николче како физичко лице. Со оглед на фактот дека двата приговора се однесуваат на достава на исто решение, Комисијата одлучи да постапува по двата како за еден предмет.

Комисијата за жалби на ФФМ ги разгледа наводите во приговорот и утврди дека подносителот, приговорот го поднесува по решение на Дисциплинската комисија на ФФМ број . 08-249/1-2 од 01.02.2018 година со која жалбата изјавена од ЖФК Атлетико од Битола, против одлуката на Дисциплинската комисија на ФФМ бр.08-3628/1-3 од 29.12.2017 година е одбиена како неблаговремена.

Во наводите во приговорот, подносителот наведува дека Дисциплинската комисија постапувала по жалба против одлука на Дисциплинската комисија на ФФМ и утврдила дека жалбата е испратена надвор од утврдениот рок поради што истата ја одбила како неблаговремена. Подносителот во наводите се повикува дека истото е случено поради тоа што одлуката наместо на адреса Струшка бр. 28 е доставена на Струшка 28а како и дека е примена од негов роднина односно лично не ја примил туку истата му била врачена на 23.01.2018 година . Поднесувачот понатаму наведува дека иако според член 31 став 7 од Правилникот за општи услови за обезбедување на универзална поштенска услуга во делот на достава на поштенски пратки децидно е наведено доколку примачот е правно лице (што во случајот е) , пратката се доставува на лицето кое е овластено за прием на пратки за тоа правно лице , односно ополномоштено лице а примачот во случајот роднина на подносителот немал такво овластување. Поднесувачот во прилог на наводите во приговорот доставил доставна книшка од пошта.

Комисијата ги разгледа наводите во приговорот како и целокупната документација доставена од првостепениот орган.

Комисијата утврди дека одлуката со бр.08-3628/1-3 од 29.12.2017 година донесена од страна на Дисциплинската комисија, е примена на 20.01.2018 година , видливо од повратниот рецепис за препорачана пратка со бр. RB066350497MK и од Доставната книшка која како прилог ја има поднесено поднесувачот поради што жалбата упатена на 24.01.2018 година Комисијата ја оценила како неблаговремена.

Во врска со наводите на поднесувачот дека предметната одлука е доставена на погрешна адреса, Комисијата изврши увид во податоците во Комет системот и тековната состојба на примачот ЖФК Атлетико и утврди дека седиштето на ЖФК Атлетико во тековната состојба, Комет системот и повратницата не се разликуваат. Адресата на примачот (ЖФК Атлетико) - Струшка бр.28 е исправно внесена во повратницата. Комисијата истотака утврди дека во текот на постапката, веќе била воспоставена уредна достава на истата адреса, евидентно од достава направена на 03.11.2017 година - повратен рецепис број RB059206203MK и број RB059206217MK . Од повратницата Комисијата не можеше да

утврди дека писменото било доставено на друга адреса поради што смета дека овие наводи се неосновани.

Комисијата истотака утврди дека наведената адреса е истовремено адреса на живеење на Претседателот на клубот и воедно е адреса на седиштето на ЖФК Атлетико.

Комисијата се осврна на наводите на подносителот дека поштенскиот службеник доставата ја извршил на неовластено лице иако според споменатиот пропис погоре требал да постапи согласно доставено овластување од страна на правното лице. Од документацијата во прилог Комисијата не можеше да утврди дали правното лице има доставено овластување до поштата за подигање на препорачани пратки, доколку подносителот има доставено такво овластување/полномошно, може да се обрати до поштата и ја извести за постапување на службеникот спротивно на наведениот пропис, за заштита на своите права.

Во член 140 став 4 на Дисциплинскиот правилник на ФФМ е уредено: за писмената од кои произлегуваат остварување на права во одреден рок или превземање на дејствија, за уредна достава ќе се смета онаа за која постои доказ за уредно доставување (повратница).

Во член 140 став 8 на Дисциплинскиот правилник е уредено: еднаш воспоставена уредна достава, ги обврзува странките тие самите во натамошниот тек на постапката да се грижат за непречен и ефикасен тек на постапката,

Врз основа на сето погоренаведено Комисијата утврди дека првостепениот орган ,предметната одлука ја испратил на адреса на седиштето на примачот како и дека за истата постои повратница од која може да се утврди дека е извршена уредна достава по што донесе одлука како во диспозитивот.

Комисија за жалби на ФФМ
Претседавач,
Дејан Николоски

доставено до:
- подносителот
